гашните сили, особено отфрлањето на сан-стефанското решение, проектите за автономија на Македонија, ставот на руската царска политика спрема ова прашање и нејзината согласност за таква реализација. Тоа не се подвлекува како едно реално решение на проблемот, туку само како тенденциозна политика на силите. (Види поподробно: Х. Андонов-Полјански, Op. cit., 25—33.) Тоа го среќаваме и во третманот на становиштата на балканските држави. Се говори за определената политика на балканските буржоазии, а во нив не се вклучува бугарската.

Во поглавјето за Берлинскиот конгрес не се определува правилно фијаското на Сан-Стефано и реализирањето на сан-стефанска Бугарија". Се обвинуваат западните држави за ваквиот пресврт. При ова, не се споменува ни односот на Русија спрема прашањето за Македонија и за нејзината слобода. (Види: Х. Андонов-Полјански, Op. cit., 37—38.)

Во заклучокот авторот се обидува да извлече консеквенци во полза на својата теза. Наместо да се прифатат марксистичките становишта на Димитар Благоев, се лансираат туѓи на овие погледи, и тоа еднострани и со определена цел. Така, решението на Русија да го прифати Берлинскиот договор авторот го смета како нејзина политичка и воена слабост. Како грешка тој го смета и невооружувањето на бугарскиот народ од страна на руската армија, не кажувајќи ги за тоа причините, потоа невклучувањето на териториите предвидени според Сан-Стефано во Бугарија (се мисли на Македонија и др.), изолираното решавање од страна на Русија на бугарското национално прашање и немањето обид во Македонија да се подигне востание. Исто така, авторот смета дека тогаш во Македонија имало „илузии" за карактерот на Берлинскиот конгрес, но не се кажува кои биле тие (стр. 224). Авторот не ги конкретизира, на крајот, и последиците за Бугарија по Берлинскиот конгрес, особено врз натамошните нејзини дипломатски односи со Русија. Ни малку не се споменува образложеното од Димитар Благоев за фикцијата на „Сан-стефанска Бугарија", која станала „за бугарските патриоти „национален идеал", „велика национална задача" на бугарските политичари." (Д. Благоев, Съчинения. Т. 8, 526—527.) Таа фикција во текот на децениите станала знаме на великобугарската националистичка политика.

Во трудот се присутни грешки од принципиелен и стручен карактер. Пред сè, насловот не одговара наполно на содржината. Во образлагањето акцентот на главниот наслов како да не е присутен. Затоа и не се среќава еден преглед на политиката на големите сили, како и нивните економски интереси на Балканот и кон Бугарија, поспецијално. Во излагањето се забележуваат низа повторувања (на пр. 13—49 и 174—180 и сл.), материјални и печатни грешки, недоследности при цитирањето на архивските фондови и сл. (На некои од нив е укажано и во приказот за Исторически преглед (София) 6 (1968), 91—97). Тоа сведочи дека оваа студија иако третира еден мошне интересен проблем, не придонесува за неговото објективно и научно расветлување.

*Х.А.-П.*

## M. Paulová, Balkánské Valky, 1912—1913 Praha. A Český Lid. ČSAV 1963, 121

Книгава на универзитетската професорка по историја во ЧСР, проф. д-р Милада Паулова, издадена од Чехословачката академија на науките и рецензирана од проф. О. Ржиха и д-р Ј. Кржижек, е значајна балканолошка монографија за разгледуваната проблематика и една од првите повоени странски книги во кои Македонците се третираат како посебен народ. Таа истовремено е едно од врвните балканолошки дела на чехословачката повоена историографија. Содржински, проф. М. Паулова разгледува три основни проблеми: политичките и економките причини

на балканските војни, хегемонистичките и политичките побуди на виенската балканска политика и одгласот на сето тоа во Чешка. Тежиштето на трудот е поставено врз вториот проблем. Тој е обработен врз основа на новиот архивски материјал од личната архива — „Tagebücher“ на тогашниот австро-унгарски министер за надворешни работи Леополд Берхтолд, кој бил еден од главните креатори и спроведувачи на виенската политика во Балканот. Исто и за вториот проблем авторката користи архивски материјали. Истовремено, проф. М. Паулова изнесува и некои моменти од германската и руската балканска политика. Разгледувајќи повеќе прашања во склопот на нивната каузална поврзаност, авторката ни овозможува да откриеме нови моменти што се директно или индиректно поврзани со тогашната наша историја. Ние ќе ги разгледаме само тие моменти што претставуваат посебен интерес за нашата историографија.

Во уводниот дел (стр. 3—23), во кој се разгледува првиот проблем и се прави краток осврт на изворите и литературата, меѓу другото, се вели дека „македонскиот историчар Ѓ. Абаџиев“ објавил во својата книга „Балканските војни и Македонија“, „најсестрана библиографија“ за овие војни (4). Зборувајќи за карактерот на балканските војни, проф. М. Паулова цитира некои од познатите оценки на В. И. Ленин за балканските војни, но, за разлика од некои историчари (бугарски и други), таа го прави тоа претпазливо и веднаш го изнесува ставот на социјалистите. Повеќе социјалдемократски партии, членки на втората интернационала, базирајќи се врз нејзините решенија донесени на конгресите во Штутгард, Копенхаген . . ., на кој (Копенхашкиот) учествувала и делегација на болшевиците на чело со В.И. Ленин, ги осудиле војните. Балканските социјалдемократски партии, осудувајќи ги балканските војни, се бореа за спроведување на решенијата на Првата балканска социјалдемократска конференција, т.е. за решавање на балканските проблеми преку револуција, создавале балканска федеративна република итн. Прво О. Бауер, а потоа Ленин истапија со нова оценка на балканските војни, но не за двете, како што погрешно тврдат некои автори. Проф. М. Паулова прави разлика меѓу Првата и Втората балканска војна. Првата балканска војна била „голем чекор напред (но само чекор — заб. Р. П.) — во ликвидацијата на средновековните остатоци во цела Источна Европа“, пишува Ленин. Но „Втората балканска војна — истакнува М. Паулова — имаше сосем друг карактер. Таа беше освојувачка војна на балканските монархии, водени за поделба на Македонија . . .“ (8—9) пишува Паулова и, на друго место, додава: „Проблемот на Македонија беше решаван меѓу Србија и Бугарија, од двете страни хегемонистички“. Во јануари 1909 год. започнаа да се водат бугарско-српските преговори за војна и поделба на Македонија. „Првата балканска војна била многу популарна... но е неоспорна вистина дека балканските монархии и буржоазии на државите што војуваа не воделе сметка во своите концепции за правото на живот на два народи, Македонците и Албанците, кои исто така имаа право на самостојна држава. Сојузниците едноставно ја делеа Македонија меѓу себе врз база на историските традиции, хегемонистичките и стопанските потреби и, врз основа на неправилната апликација на националниот принцип — од зелената маса на дипломатите, сосем според феудалниот, средновековен начин, без обзир на волјата на народот.“ (17—19) Овие искази на проф. Паулова се доволно јасни, така што не е потребно да се коментираат.

Во вториот дел, кој носи наслов „Австро-унгарската политика на Балканот“ се разгледани другите два проблема и виенската политика спрема Србија. Виенската дипломатија, на чело со министерот Л. Берхтолд, во плановите и акциите за придобивање на Бугарија и Романија на своја страна ја имаше вклучено и Македонија. Со нејзината територија таа манипулираше како со пара за поткусурување. Така, на пример, во амбасадорската конференција во

Лондон (декември 1913), според инструкции на Л. Берхтолд, австриската делегација барала Западна Македонија, со Дебар, Струга и Охрид, да ѝ се даде на Бугарија, ако таа официјално премине на страната на Австро-Унгарија, а ако не премине, да се приклучи кон Албанија, за чиешто создавање и потчинување Виена беше крајно ангажирана. Покрај другото, оваа акција имаше цел да го растури Балканскиот сојуз и да ги скара сојузниците. За ова Берхтолд ѝ го нудел на Бугарија и Солун, под услов Бугарија да ѝ ја отстапи на Романија Силистрија. Но, во овој случај, тој се судрил со берлинските управувачи, имено — со кајзерот Вилхелм II, чиишто брат и сестра се наоѓаат на романскиот и грчкиот престол. Берлинските управувачи беа против Берхтолд — пишува тој — зашто „сакаа да ја добијат Силистрија за хохентолернскиот принц на романскиот престол и да го положат Солун пред нозете на хохензолернската принцеза на грчкиот престол...“, со цел да се придобие Грција и Романија на страната на Германија (95—97 и сл.) Од дневникот на Берхтолд се гледа дека балканските владеачки кругови и заинтересираните великиi сили, со поделбите и прерасподелбите на Македонија, не оделе да задоволат некакви национални права“. Во врска со спорот за ревизија на спогодбата за Македонија, Берхтолд пишува: „сосем правилно што ние сме целосно заинтересирани за растурање на Балканскиот сојуз и спротивставување на сојузниците“. Овие акции имаа и свој одглас. Во април 1913 год., кога спорот за прераспределба на Македонија кулминираше, шефот на Тајниот кабинет на бугарскиот цар Фердинанд Добрович изјави: „Бугарија и Австро-Унгарија треба да се договорат и да ја разделат меѓу себе Србија. Овој народ мора да исчезне, инаку не ќе постои никаков мир“. Со такви шовинистички и расистички идеи биле окупирани Добрович, Берхтолд и други како нив. Тие ги потпалуваа и ги водеа завојувачките и разурнувачките војни за разграбување на Македонија и други земји, без да се води сметка за интересите на македонскиот народ. Во врска со тоа, проф, М. Паулова наведува дека меморандумите на македонската емиграција, со кои се бараше, во март 1913 год., од Лондонската конференција и од балканските влади создавање на посебна македонска држава со републиканско уредување, не беа земени во обзир. (105)

Разгледувајќи го третиот проблем, проф. М. Паулова изнесува повеќе податоци за одгласот на балканските настани во Чешка. Тогаш, таму беа организирани повеќе акции со цел да им се укаже на балканските народи морална и материјална помош. По повод паѓањето на Дринопол и Скадар, беа организирани митинзи, но кога сојузниците победуваа во Македонија, такви акции немаше, а чешките социјалдемократи организираа низа протесни акции против војните. Ставот на чешките социјалдемократи бил ист со ставот на балканските социјалисти.

Проф. М. Паулова изнесува интересни податоци и за ставот на Австро-Унгарија, Србија и чешките политичари спрема создавањето на Албанија, но, поради немање простор, ова прашање не ќе се разгледа. Поради истава причина, нема да се задржиме и на некои неточности што ги забележавме во овој труд.

„Балканските војни...“ на проф. М. Паулова се значајно дело не само за чехословачката, туку и за светската балканистика. И, во тој однос, проф. Паулова, како еден од првите повоени чехословачки историчари, ја обновува поранешната чехословачка традиција и ја подигнува на повисоко ниво и со тоа што ја разгледува историјата на македонскиот народ како историја на посебен словенски народ.

*Р.П.Л.*